**20242724690**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 декември 2024 година.

Бр. 08-6345/1
24 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Член 1

Во Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2004, 84/2005, 71/2006, 25/2007, 87/2008, 17/2009, 23/2009, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 217/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 195/18 и 239/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 290/20, 215/21 и 99/22) во членот 29-б во ставот (7) по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд“.

Член 2

Во член 231-а во ставот (1) точката 5) се менува и гласи:

„поседува сертификат или уверение или друг документ со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени странски јазици (англиски, француски или германски).“.

Член 3

Во член 247 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Надзорниот одбор во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како среден трговец или голем трговец, може да има најмалку три, а најмногу пет членови.

(5) Надзорниот одбор во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како микротрговец или мал трговец има три членови.

Член 4

Во член 365 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Неизвршните членови на одборот на директори, односно на членовите на надзорниот одбор на акционерско друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, односно на членовите на надзорниот одбор во друштво со ограничена одговорност со доминантна или во целосна сопственост на државата, имаат право на надоместок само во форма на месечен паушал кој изнесува една четвртина од просечната нето-плата исплатена во Република Северна Македонија за претходната година.”.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите: „(2) и (3)“ се заменуваат со зборовите: „(3) и (4)“.

Во ставот (5) кој станува став (6) зборовите: „(2) и (4)“ се заменуваат со зборовите: „(3) и (5)“.

Ставовите (6) и (7) стануваат ставови (7) и (8).

Член 5

Во член 367 по ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) Одборот на директори во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како среден или голем трговец, може да има најмалку три, а најмногу седум членови од кои двајца се независни членови.

(7) Одборот на директори во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како микро или мал трговец, може да има најмалку три, а најмногу пет членови од кој еден е независен член.“.

Член 6

Во член 367-а по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) За независен неизвршен член на одборот на директори во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и

4) има минимум четири години работно искуство.

(3) Во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата треба да има:

- најмалку еден независен член со работно искуство од областа на финансиското работење или со работно искуство од областа на правните работи, доколку се работи за друштво класифицирано како микро или мал трговец или

- најмалку еден независен член со работно искуство од областа на финансиското работење и еден независен член со работно искуство од областа на правните работи, доколку се работи за друштво класифицирано како среден трговец или голем трговец.“.

Ставот (2) станува став (4).

Член 7

Во член 374 по ставот (7) се додаваат два нови става (8) и (9), кои гласат:

„(8) Управниот одбор во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како среден или голем трговец, може да има најмалку три, а најмногу седум членови.

(9) Управниот одбор во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како микро или мал трговец, може да има најмалку три, а најмногу пет членови.“.

Член 8

Во член 378 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Надзорниот одбор во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како среден или голем трговец, може да има најмалку три, а најмногу седум членови од кои двајца се независни членови.

(5) Надзорниот одбор во друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, класифицирано како микро или мал трговец, може да има најмалку три, а најмногу пет членови од кој еден е независен член.“.

Член 9

Во член 378-а по ставот 1 се додаваат два нови става (2) и (3) кои гласат:

„(2) За независен член на надзорен одбор во акционерско друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата може да биде именувано лице кое покрај условите од ставот (1) точки 1), 2) и 3) на овој член треба да има најмалку четири години работно искуство.

(3) Во акционерското друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата треба да има:

- најмалку еден независен член со работно искуство од областа на финансиското работење или со работно искуство од областа на правните работи, доколку се работи за друштво класифицирано како микро или мал трговец или

- најмалку еден независен член со работно искуство од областа на финансиското работење и еден независен член со работно искуство од областа на правните работи, доколку се работи за друштво класифицирано како среден трговец или голем трговец.“.

Член 10

Во членот 545-а по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд“.

Член 11

Започнатите постапки за избор, односно именување на управител, членови на одбор на директори, членови на управен одбор и членови на надзорен одбор во акционерско друштва со доминантна или во целосна сопственост на државата и во друштво со ограничена одговорност со доминантна или во целосна сопственост на државата, започнати до денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе завршат согласно со Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2004, 84/2005, 71/2006, 25/2007, 87/2008, 17/2009, 23/2009, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 217/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 195/18 и 239/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 290/20, 215/21 и 99/22).

Член 12

Управителот, членовите на одборот на директори, членовите на управен одбор и членовите на надзорниот одбор во акционерските друштва со доминантна или во целосна сопственост на државата и во друштво со ограничена одговорност со доминантна или во целосна сопственост на државата, кои се избрани, односно именувани до денот на започнувањето на примената на овој закон, продолжуваат да ја вршат функцијата за која се избрани, односно именувани, до изборот, односно именувањето на нов управител, нови членови на одборот на директори и нови членови на управниот, односно надзорниот одбор.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите од членот 2 од овој закон со кој се менува членот 231-а став (1) точка 5.